СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 февруари 1992 година

Скопје, февруари 1992 година

**ДИСКУТАНТИ ОД III-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 32-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14.II.1992 г.**

1. АНДОВ СТОЈАН – 2, 9, 12, (МИА), 27
2. АЛИУ ЕШТРЕФ – 23
3. ГОШЕВ ТУШЕ – 13, 22
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 27
5. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР – 8
6. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 4
7. ПЕТРОВ ТОДОР – 6, 10, 18, 22
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 10, 26
9. РИСТЕВСКИ БЛАЖЕ – 11
10. СТАНКОВСКИ РИСТО – 11
11. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 1, 25
12. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 3, 27
13. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 29
14. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 24

крај

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 февруари 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Констатирам дека присуствува потребен број на пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Според известувањето што го добивте на 30 јануари 1992 година Триесет и втората седница на Собранието требаше да продолжи денес со претрес по Предлогот на законот за основање на Македонска информативна агенција МИА. Меѓутоа, со оглед на значајните прашања што се предлагаат за -Триесет и третата седница на Собранието, предлагам Собранието да констатира дека Триесет и втората седница е завршена, а Предлогот на овој закон да го уврстиме во дневниот ред на Триесет и третата седница.

Молам, кој е за овој предлог да крене рака.

За збор се јави Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Мислам дека ние ја прекинавме Триесет и втората седница и оттука редно е да продолжиме и седницата да продолжи Триесет и втора. Еднаш за секогаш да го

почитуваме она што ќе се договориме, а тоа е прилика така да се однесуваме и денес во однос на седницата на која што рековме ќе ја закажеме дополнително. На денешната седница и поканата ние недвосмислено имаме две седници, Триесет и втора со една точка на дневниот ред и Триесет и трета седница. Мислам дека кога се договаравме токму за овој закон и овој проблем што се влече веќе 8 месеци дека еднаш за секогаш да го ставиме на дневен ред и со гласање, донесуваме закон или Те донесуваме закон. Инаку, навистина нема никаква смисла понатаму едноставно така да се изразам, да си играме со Парламентот. После договарањето за продолжувањето на седницата нас ни поднесуваат амандмани, нас ни даваат одлуки, ни нудат нови решенија, што ако ја завршевме седницата на 30, ќе немавме никакви проблеми од било какво понатамошно договарање, едноставно ќе го разрешевме проблемот. Она што се случи треба да му биде јасно на секому дека седницата се прекина поради фактот да не се донесе законот и едноставно пратениците од другите пратенички групи ја напуштија оваа сала. До кога ќе се однесуваме вака неодговорно. Оттука, без оглед на тоа што набрзина се изврши гласањето денес наводно да се сврсти оваа точка од Триесет и втора седница за Триесет и трета седница, предлагам да не ги спојуваме Триесет и втората и Триесет и третата седница, туку Парламентот да отпочне со работа со Триесет и втората седница и со единствената точка, а тоа е Законот за МИА.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ние на Претседателството разговаравме и го дадовме овој предлог кој го изнесов од следните причини. Меѓувреме, во врска со

Предлогот на закон за МИА добиени се два дописа, едниот од"Макпрес",изгледа тоа е Нова Македонија и другиот од "Република", тоа е дневен лист, кој предлага одредени решенија кои би имале влијание на законската материја.

Комисијата ги гледаше само амандманите, а не е претресено последиците што би можеле да предизвикаат евентуалното усвојување на некои од предлозите што се содржани и кои можат да бидат како решенија. Ние мислевме ако сега минеме веднаш на усвојување на овој закон може да се случи расправата да се одолжи, а не можеме да го утврдиме дневниот ред на Триесет и третата седница, а важни точки имаме кои треба да бидат денес разгледани и евентуално усвоени. Тоа беа причините зошто предлагаме да се уврсти во дневниот ред на Триесет и третата седница оваа точка и да биде така разгледана. Се разбира, ние можеме да минеме на усвојување на законот, но треба како Собрание да имаме релевантни одговори и на овие иницијативи кои ни дојдоа во последен момент.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

По мене мислам дека објаснувањето не држи, затоа што по член 16 од Уставот на Република Македонија стои дека основање на агенции можат, освен МИА и други субјекти да основаат агенции. Затоа, мислам дека конкретно овде се работи за Предлог на закон, за основање така да ја наречам "државна агенција". Мислам дека ред е ова прашање еднаш да се разреши. Нормално, со гласање ако повеќето пратеници не се за ваков закон, тогаш законот ќе падне. Тоа е многу едноставно и мислам дека не треба повеќе да се впуштаме во расправи дали е издржан или не е издржан Предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние токму ова сакавме да го избегнеме што господинот Стојков го кажува овде. Тој кажува определба по законот и определба по иницијативите на "Република" и "Нова Македонија". Ние сакаме за тоа да се изнесе комисијата и таа овде да има свој став, а не да одиме сега во расправата по дневниот ред, да одиме во материјална расправа. Во тоа е работата. Инаку, можеме да навлеземе во тешка расправа.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Кога изнесуваме факти за тоа каде застана работата на минатата седница, треба да изнесеме дека ние запревме токму на точката која најдалеку временски не стави во функција да го одложиме донесувањето на тој закон. Да ве потсетам, тогаш двете работни тела на Собранието, Комисијата за законодавство и Комисијата за општествено- политички систем предложија на таа седница законот да се гледа како нацрт, а за наредната да се усвои со предлог кој ќе го даде Владата на Република Македонија. На големата пауза од 4 часа на онаа седница Владата, односно Министерството во името на Владата понуди Предлог на закон кој овие комисии, Комисијата за општествено- политички систем веднаш го разгледа, даде свои предлози, прифати еден дел од амандманите, а Комисијата за законодавство малку подоцна и тоа беше се во оној период кога се утврди дека и нема доволен број на пратеници за продолжување на седницата на Собранието. Така, расправата по Текстот на законот дефакто не е завршена и не е точно дека во постапката за дополнувањето на законот не е можно да се даваат амандманите. Тоа е криво кажано. Тоа е

едно. Во таа насока се битни и овие две иницијативи кои се дадени од овие две новинарски куќи. Проблемот лежи во тоа што по амандманите за кои расправаа комисиите предлагачот се сложи скоро со сите амандмани што доведе до една апсурдност да се сложи со амандмани кои по суштина едни со други се контрадикторни и не се исклучуваат. Оттука, настана и проблемот практично по текстот на законот повторно сме на почетокот, бидејќи двете комисии имаа два различни става и пак доаѓаме на деловничката постапка околу усогласувањето.

Иницијативата што јас ја дадов на заедничка седница на двете комисии не успеа заради немање кворум во Комисијата за законодавство. Јас сум да продолжиме со расправа и немам ништо против, па мислам дека ќе најдеме решение, бидејќи секој од дополнителните предлози оди кон решение за формирање на агенција. Меѓутоа, ние овде се разликуваме по пристапот во однос на толкувањето токму на членот 16 од Уставот на Република Македонија и сфаќањето за тоа што е слобода на правото на организирање на информативни куќи.

Беше рационално, можеби оваа точка да се уврсти во дневниот ред од наредната седница како би се прерипнала потребата од фаза за нацрт, бидејќи ние по тој нацрт односно по тој заклучок практично и гласавме. Тука ја прекинавме седницата и мислам дека ќе го надминевме тој проблем, меѓутоа, ако се инсистира Комисијата за општествено- политички систем има став по секој амандман и може со гласање или со целокупната постапка може да се оди напред Така, мислам дека не треба она што е недоследност во форма на предлагање, донесувањето и изјаснувањето ставот на предлагачот и т.н. што е испуштено како недоследност, сега да се препишува на некаква опструкција или било што. Јас повторно велам да не

излеземе од оваа сала денес додека не донесеме одлука или закон или било што ќе донесеме по однос на МИА. Молам, да не создаваме тензија по ова прашање. Ова прашање не е од таков карактер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да прекинеме со расправа, очигледно, влегуваме во расправа и тогаш да отворам расправа по последната точка од Триесет и втората седница. Инаку, во расправата по тоа фактички по ова дали да биде или да не биде, ние ќе ја изгубиме основната намера што сакаме да заштедиме време.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во ред ќе беше да продолжиме, меѓутоа ако ова го спомнеше претседателот на почетокот. Кога веќе отвори расправа редно е да си ги каже и разликите во мислењето. Меѓутоа, сметам дека господинот Зоран Крстевски толку не вртеше, не вртеше за да едноставно не направи неписмени за да не знаеме што работевме на последната седница. Не е точно дека расправата е на почеток. Комисијата ги разгледуваше сите амандмани и ги прифати. Му предложи на Собранието во писмена форма да го разгледа и усвои Предлогот на закон за основање на Македонска информативна агенција. Предлозите од "Нова Македонија" и "Република". Законот е 8 месеци во процедура во ова Собрание. Како во последниот момент се темпира различни размислувања, амандмани. Тоа се иницијативи, не се на овластени предлагачи да предлагаат амандмани на законот. Сметам дека она што "Нова Македонија" го предлага, тоа нема врска со овој закон. Друго е Законот за јавно информирање и за основање агенции. Ова е конкретен акт за оформување на една државна,

информативна агенција. Затоа, сметам дека предлозите не кореспондираат со овој закон кој е на дневен ред. Пратеникот Туше Гошев предложи одлука, па каде беше до сега шест месеци да се предложи одлука за ова Собрание не носи заклучоци за да се донесе закон, да ја задолжи Владата да му предложи закон за да на крајот пак си ги погазуваме сопствените заклучоци.

Второ што сакам да укажам, прво сметам дека седницата треба да се продолжи за што сепак сносиме само критика сите заедно, кои што за време на расправата по однос на точката која што беше на дневен ред. Не последната Законот за МИА, туку точката за меѓународната активност на Собранието не ја завршивме. Имаше заклучок даден во процедура во ова Собрание, се закажа пауза за да се договорат пратениците и на крајот никој не дојде во ова Собрание. Сметам дека со ова Собрание се манипулира по однос на точката. Ние имавме точка Меѓународна активност на Собранието, што за мене лично не кореспондира и не е исто со точката за меѓународно признавање на Република Македонија. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и јас како пратеник поднесовме иницијатива да се стави точка на дневен ред Информација за меѓународно признавање на Република Македонија. И претседавачот на седницата го прифати тоа. Меѓутоа, со образложение Владата да подготви писмена информација и сега од Информација за меѓународно признавање на Република Македонија, добивме информација за меѓународна активност на Република Македонија. Сметам дека точката треба да си продолжи, не претседателот самоиницијативно да не информира. Точката Меѓународна активност ќе продолжи во рамките на првата точка од оваа Триесет и трета седница, а Собранието да си го разгледува законот по извештајот на работните тела. Оној кој што го испуштил возот, нека му ја мисли за наредниот закон.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Ми се чини дека колку да се повикуваме на тоа дека не правиме опструкција, правиме класична опструкција на еден конкретен акт и дури се повикуваме на акти кои што навистина не би требало да бидат случај, а тоа е дописите на редакциите "Нова Македонија" и на "Република", односно на "Макпрес". Не ми е јасно и просто се чудам според кои критериуми овие два акти се издвојуваат како значајни сега во оваа завршна фаза темпирани непосредно пред донесувањето на законот, а се елиминира еден друг акт од слична содржина кој што е упатен уште на време, уште на 21 јануари и тоа е акт на Здружението на радиостаниците од Република Македонија кои во еден состанок кој што е одржан во Титов Велес, во кој што меѓу другото стои дека со основањето на МИА цениме дека ќе се совладаат и некои остатоци од монополското однесување и во оваа сфера што најмалку им користи и без потреба на информирањето на јавноста во Република Македонија. Чинам дека опструкцијата се прави однадвор и дека конкретно од конкретниот монопол во оваа Република ги вмешал своите прсти во целата оваа работа со намера да си го зачува монополот. Не ми е јасно зошто покрај тие два акти, јас би сакал претседателот на Собранието, да ни одговори се елиминира овој акт 'кој што оди во прилог како поддршка на агенцијата. Мислам дека има дури поголема тежина и од двата, бидејќи е здружение на радиостаницата на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, тоа беше во работата на Комисијата присутно, дали го земале предвид или не, тоа е работа на Комисијата, а овие дојдоа после седницата од 30 јануари. Тоа на господинот Јакимовски му е познато и тука

не гледам никаква таинственост. Инаку, молам, ние имаме деловнички одредби и се држиме до тоа господинот Петров кога вели зошто на некои кога му текнало во последен момент нема право ниеден пратеник да оневозможи во последен момент да дава, особено што тој сам си го користи тоа право, иницијативи, амандмани итн. Зборувам за иницијативата на Туше Гошев кој што го поучуваш односно го поучувате од говорницата како да ... Јас овде водам ред дали се држат за она што сега станува збор. Сега станува збор за тоа само дали да продолжиме и дали да ја префрлиме во втората седница. Сите вие влеговте во расправа. Сега молам, ја прекинувам таа расправа и сега минуваме на расправа по точката, бидејќи стихијно расправаме по таа точка. Според тоа, за денешната Триесет и втора седница ја предлагам точката

Законот за македонска информативна агенција МИА.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точката ја прекинавме од претходната седница, а не на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претпоследната точка ќе ја расправаме во рамките на втората точка од наредната седница што е целата проблематика зафатена. Нема потреба да биде завршена, зашто тогаш може секој се да каже што има да каже. Само двапати да водиме расправа по слична материја денес, јас мислам

дека тоа е вистинска опструкција на работата на Собранието. Тоа беше наша проценка и тоа еве ви го предлагаме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас незнам кој врши опструкција во ова Собрание. Меѓутоа, ако претседателот бил свесен кога ја разгледувавме иницијативата на пратеникот Бошков заради што ја ставивме претпоследната точка, зошто дозволи на оваа последна седница Триесет и втора да имаме точка Меѓународна активност на Собранието, а од друга страна да се прифатат иницијативите на ВМРО-ДПМНЕ и на пратеникот Петров на наредната седница кога ќе добиеме писмена информација од Владата да расправаме за меѓународното признавање на Република Македонија. Значи, ние бевме така. Точката ја ставивме ради реда, затоа што знаевме ќе нема кворум, може некој од одговорните фактори во Републиката не беа присутни, па било што да расправаше денес Собранието многу е важно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, јас не претседавав на таа седница, па еве Тито Петковски потпретседателот кој претседаваше тогаш нека објасни она што треба да биде јасно, затоа што цело време господинот Петров тука беше присутен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници, сакам само да ве потсетам, неколку дискутанти, неколку пратеници укажаа на фактот дека по точката за меѓународната активност на Македонија или како што рече господинот Тодор Петров активноста на Македонија во врска со нејзиното признавање не беше

присутен ниту министерот за надворешни работи, не беше присутен ниту претседателот на Републиката и се договоривме заради нивно задолжително присуство на расправата по таа точка од дневниот ред, таа да биде точка 1 на наредната седница за која цел треба да се достави информација од Владата и да имаме експозе на министерот за надворешни работи. Тоа е направено и предложено за денешната седница како точка 1 на дневниот ред. Меѓутоа, претседателот на Собранието во име на Претседателството предложи, заради актуелноста на состојбата во Републиката прва точка да биде Законот за одбраната, втора точка меѓународната активност, а да ја уврстиме точката за формирањето на агенцијата МИА во дневниот ред како една од следните точки со што во суштина ништо не губи ниту квалитетот на расправата, а деловнички апсолутно тоа може. Значи, станува збор што побргу да завршиме со точката 1 за да можеме после да пријдеме кон оние задачи што произлегуваат од законот, односно обврските од Законот за одбраната на Републиката. Како Претседателство оценивме дека во овој момент најактуелно прашање е оваа точка Законот за одбраната и затоа предлагаме тоа да биде точка еден, а за сите други ќе направиме редослед и нема ниедна точка од денешнава рас права да биде исфрлена од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не одиме понатаму на надмудрување кога да се расправа денес за Законот на МИА предлагам сега да расправаме во рамките на довршуваше на точката од 32-та седница, а потоа да минеме на утврдување на дневниот ред на 33-тата седница да може Собранието навистина нешто и да работи.

Дали се прифаќа тој предлог?

Збор бара господин Станковски.

Јас ова го предлагам навистина во интерес на поефикасна работа на Собранието.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

И јас ова го предлагам ова во интерес на поефикасна работа. Бидејќи како причина за практично почнување со нова седница на која што прва точка би бил Законот за народна одбрана за кој што мисли Претседателството дека е од итен карактер, јас молам Владата да се изјасни какво е нејзиното мислеше, дали е побитно прво да усвоиме за агенцијата МИА или за Законот за народна одбрана со однос на состојбите што ги имаме во Републиката. Мислам дека на ова тука би можеле да најдеме решение.

**БЛАЖЕ РИСТЕСКИ:**

Почитуван претседателе, "почитувани пратеници,

Мислам дека е сосема нормално тоа што го предложи претседателот на Собранието, првин да се заврши веќе речиси докрајчената седница 32-та, тоа значи Законот за МИА да се разгледа и да се донесе за него решение, а потоа да се премине нормално на дневниот ред што се предлага, и мислам дека нема зошто околу тоа да губиме време и ние и сите вие, зошто тоа е нормалниот ред, се друго би било изнасилено, а Владата смета дека е исто така важно и прашањето за МИА да се разреши,

тоа е веќе седум осум месеци, затоа што ние не можеме ништо друго натаму да одиме ако немаме информативна агенција што навистина во овој момент ни е неопходна кога веќе ТАНЈУГ за нас не функционира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

За гласаа 65 пратеници.

Според тоа се договоривме да продолжиме со Предлогот на закон за основање на Македонската информативна агенција.

Владата на Република Македонија достави текст на предлог на закон за основање на Македонска информативна агенција МИА во кој се вградени амандманите и укажувањата на пратениците и работните тела на Собранието. Овој текст на предлогот на законот и извештаите на Комисијата за општествено- политички систем, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за меѓунационални односи, Законодавно- правната комисија и укажувањата на пратеникот Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека пратеникот Туше Гошев достави одлука за основање на Македонска информативна агенција МИА. Комисијата за финансирање и буџет ја разгледа оваа Одлука и предлага Собранието да не води претрес по одлуката од причина што решенијата што се нудат во неа се содржани во Предлогот на законот за основање на Македонска информативна агенција МИА кој е во собраниска процедура.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници,

Во смисла да го разрешиме прашањето за кое веќе долго време се расправа дали не сме во состојба да го направиме она можното што треба да го направиме сега ќе видиме и со овој предлог што го нуди Владата. Јас и на претходната седница дискутирав по овој предлог на закон и имав доста забелешки, но гледам дека Владата и во понатамошниот текст не ги прифаќа тие, па сега мислам да ги кажам и отворено во врска со овој законски проект.

Овој законски проект според мене е неуставен и незаконски проект затоа што уредува прашања за основање на јавно претпријатие кои се веќе уредени со Законот за претпријатијата, а согласно на член 5 став 1 од Уставниот закон, Сојузниот закон е прифатен како републички закон, па според тоа со донесувањето на еден закон за регулирање на материја за јавно претпријатие сметам дека не е в ред и го крши членот 51 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија кога Собранието и Владата не ги почитуваат веќе донесените закони кои се наши закони и прифатени како закони на Република Македонија. Ако го погледнете законот од формалниот поим се гледа дека законот не сака да го почитува Законот за претпријатијата и ги уредува прашањата на друг начин како сака да ги уредува. А ако одиме на овој начин да ги уредуваме прашањата на секое јавно претпријатие да му одредуваме подруга рамковна структура на управување и друг начин на организација на самиот стопански субјект тогаш правиме една повреда, односно ја рушиме и правната држава, теоријата за правна држава кога дефакто сакаме правната држава да ја инструментализираме како апарат за спроведување на нечии интереси, а

не како почитување на интересот и законот во хиерархиската субардинираност на устав, закон и подзаконски акти. Ако го погледнете уште првиот член на овој закон ќе видите дека се основа јавно претпријатие без оглед на тоа дали се однесува за агенција, дали се однесува за траншпедно претпријатие, дали се однесува за сите претпријатија кои се од посебен општествен интерес за Република Македонија, кои ги уредува Законот за претпријатија во член 2 став 1, став 3 , став 4 од Законот за претпријатијата.

Ако го разгледате членот 2 последниот став кажува дека МИА може да основа свои заеднички дописништва надвор од седиштето на агенцијата, членот 2 фактички значи дејноста на македонската информативна агенција во понатамошниот текст го образложува што сака да работи таа агенција, де факто прави една лоша техника на членот. На оваа определба овде не и е местото да стои.

Ако го разгледате членот 3 средствата кои ги обезбедува за МИА прави една комплетна конфузија во членот затоа што овој закон не разликува претпријатие во државна или општествена за мене општествената сопственост е само модифициран облик на државна сопственост и сигурно ќе расправаме на оваа тема во Законот за трансформација на општествениот капитал и согласно на член 196-б став 2 и став 1 од Законот за претпријатијата кажува Законот за претпријатијата во кој облик на сопственост ќе се организираат јавните претпријатија, а овде овој член прави конфузија кога во ставот 1 кажува дека МИА е основач а дека за вршење на дејноста, за техничко- технолошкиот развој на МИА може да се обезбедуваат средства од домашни и странски лица кои не можат да бидат повеќе од 49% од вкупниот капитал. Ве молам, на членот 2

став 3 од Законот за претпријатијата кога во самиот правен субјект има повеќе облици на сопственост, ние тогаш зборуваме за мешовито претпријатие што Законот за претпријатијата дозволува да јавното претпријатие може да биде организирано, како државно или општествено, како мешовито или како приватно. Ако вака го поставиме сега во проследување на членот 4 каде веќе објаснува за рамковната структура на управувањето на стопанскиот субјект прави кардинална грешка Предлогот на законот каде вели дека со свои претставници во Советот учествуваат и домашни и странски лица сразмерно на вложените средства во МИА. Тоа на законодавецот не му е јасно дека ставот 1 на членот 4 орган на управување на МИА е Совет кој е составен од 9 членови од кои 6 именува Собранието на Република Македонија, а 3 члена избираат работниците на МИА на начин утврден со Статутот. Сега е сам контрадикторен на себе, затоа што мешовитиот облик на организирање на јавно претпријатие предвидува подруга рамковна структура на управување на тој субјект. Мешовит облик на сопственост ако е тогаш ние имаме Собрание и управен одбор, а немаме совет за управување. Затоа велам дека овој предлог на закон не ги знае категориите на општествено претпријатие не ја познава категоријата на мешовито претпријатие утврдена во членот 2 став 1, став 3 и став 4 од Законот за претпријатијата.

Понатаму, ако го проследите истиот член во точка 4 одлучува за висината на добивката што и припаѓа на Републиката како и домашните и странски лица кои вложиле средства во Агенцијата и понатаму запаѓа во конфузија кога не знае точно како се определува и како се регулираат тие односи во еден мешовит облик на организирање на јавно претпријатие.

Во членот 5 директор на МИА како и главниот и одговорен уредник ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Советот на МИА. Ве молам, ако организираме јавно претпријатие и ако го погледнете членот 24-б од Законот за претпријатијата таму кажува дека сообразно се применува Законот за претпријатијата и на државните претпријатија и на јавните претпријатија и на сите стопански субјекти. И ако го погледнете членот 54 од Законот за претпријатијата ќе видите дека Советот на стопанскиот субјект го именува индивидуалниот работоводен орган со претходно организирана или основана конкурсна комисија од работниците на самиот стопански субјект со распишан јавен конкурс. Па, ако го погледнете овој член е спротивен и на членот 68 од Уставот, никаде на Собранието не му е дадено за право да именува индивидуални работоводни органи на стопанските субјекти.

Ако го погледнете понатаму членот 6 до именувањето за иста институција се предлага Владата сега да именува индивидуален работоводен орган, што е уште една повреда на членот 56 од Законот за претпријатијата. Се знае институцијата вршител на должноста кога се именува, кога не може стопанскиот субјект да именува по редовна постапка и е неопходно да се именува и се предвидува Советот да го именува во иста постапка без објавување на конкурс до распишување со закон на одредена постапка. Од овие причини сметам дека овој закон е крајно конфузен и не оди да ги разреши сите односи затоа што сметам дека ако вие го погледнете членот 19 6-в од Законот за претпријатијата, таму кажува дека сите организации на здружен труд кој вршат дејност од посебен општествен интерес се организираат со одлука на општествено-политичката заедница односно тоа значи дека веќе општествено-политичката заедница не постои и сите ингеренции ги презема Собранието

на Република Македонија значи дека Собранието единствено со одлука основа јавни претпријатија, ако сака да биде основач, ако не сака, ако вака постапиме да донесуваме закони за основање тогаш ги прашувам предлагачите, ако еден стопански субјект сака да основа јавно претпријатие дали и за него треба да донесеме закон и дали за сите стопански и физички лица што сакаат да основаат такви јавни претпријатија и за нив треба да се донесува закон. Мислам дека Законот не може персонално да важи, Законот е решение кое ќе важи за идно решавање на неодреден број на случаи кои ќе се случуваат во иднина, а тоа е регулирано со Законот за претпријатијата.

Согласно на член 196-б во врска со 282 од Деловникот за работа на Собранието каде се кажува дека одлуката е извршен пропис за остварувањето на правата на Собранието, ние со оваа одлука дефакто ќе му дадеме право на Собранието да основа информативна агенција како облик на организирање, како јавно претпријатие, како што го предвидува членот 24-а од Законот за претпријатијата. Јас незнам што е сега спорно и не ми е јасно мојата одлука беше доставена и на господинот Петров сигурно не му е јасно до завршувањето на главната расправа бидејќи се расправа согласно на член 389 за таа одлука дека и таа одлука се разгледува согласно на тој член од Деловникот како предлог на закон значи на исто рамниште како што е и предлогот на законот. А согласно на член 71 од Уставот и Деловникот дека и јас како овластен законски предлагач имам право да поднесувам нормативни и правни акти за разрешување на дадената состојба и барам од претседателот на Собранието мојата одлука да биде проследена и ставена во процедура затоа што овој закон не ги решава односите, а одлуката молам и го имам тоа деловничко право да биде разгледана бидејќи била поставена на дневен ред можам тоа

слободно да го истакнам, а јас не бев поканет, не знаев дека ќе биде поставена на одборите на Собранието и сметам дека тоа е една грешка на самото Собрание зошто не ме повика да се разрешат тие прашања.

Ако ми дозволите да ја разрешам и мојата одлука, бидејќи се однесува дефакто за расчистување на правата и за разрешуваше на состојбата и под итно бидејќи законот во завршните одредби еден за мене висок рок, рок од шест месеци, па согласно на член 12 од уредбата за упис во судскиот регистар два месеци и т.н. ќе оди некаде една година и дали ќе ја основаме таа работа. Ако ја погледневте мојата одлука била пропратена со материјалите веќе го расчистува прашањето дефакто се повикува на член 16 став 2 од Уставот слободно може и Собранието да основа такви, во врска со член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија дека Собранието може да донесува и одлуки, во врска со членот 24-а дека Собранието со одлука ќе основа јавно претпријатие македонска информативна агенција и во врска со членот 196-б каде кажува дека информативната агенција ќе биде во сопственост и со сите ингеренции кои може да ги има.

Па предлагам, мое лично убедување дека ова е неуставен и незаконит закон што не може да ги разреши прашањата и барам да не биде прифатен и усвоен, а да ми дозволи Собранието мојата одлука да биде проследена и да биде ставена на дневен ред во распоредот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене, колку што јас се сеќавам за текот на последната прекината 32-ра седница, расправата заврши. Никој не го оспорува пратеничкото право според Деловникот да може да поднесува акт во процедура до крајот

на расправата. Меѓутоа, бидејќи расправата се исцрпи ја прекинавме за да по оние амандмани кои што ќе ги поднесе било кој пратеник надлежните работни тела утврдат мислења и ние да продолжиме со седницата. Што значи ако продолжевме со седницата која намерно маневрирајќи ја напуштивме јас сметам дека предметот акт на пратеникот Туше Гошев воопшто немаше да се најде и во процедура, ниту пак ќе се разгледуваше. Тоа од една причина. Од друга, затоа што Законот е шест месеци во процедура во ова Собрание, зарем 6 месеци не беа доволно да се поднесе предлог на акт туку мораше во последен момент и тоа отпосле откако се прекина расправата, јас сметам дека тоа за мене е неодговорно однесување.

На 29-ти јануари расправа и Законодавно- правната комисија по прекинувањето на расправата кога закажавме една многу долга пауза и Комисијата за општествено- политички систем. Комисијата за општествено-политички систем констатира, му предлага на Собранието да го разгледа и усвои Предлогот на законот за основање на Македонска информативна агенција заедно со поднесените амандмани. Тоа е мислењето од оваа комисија на 29-ти јануари. Истиот ден Законодавно- правната комисија го разгледувала законот и исто така констатира со еден амандман кој што и претставникот на Владата го прифатил Собранието да го усвои предлогот на законот кој што е поднесен во процедура и за мене тоа е минато свршено време, нема потреба за повторно отворање на расправа.

Второ, сметам дека предлогот на пратеникот Туше Гошев не е во согласност со претходно донесени заклучоци на ова Собрание. Па зарем ние бевме толку неспособни да не резонираме како што треба за да донесеме заклучок со кој ја задолжуваме Владата да ни предложи закон за да отпосле констатираме дека не требало закон, требало одлука. Ако е

вистина пак ова што пратеникот го констатира во поглед на незаснованоста ни уставна ни според постоечките позитивни законски прописи тогаш треба да размислиме не само за составот на Владата, туку воопшто за целата администрација која ни понудува во процедура и противзаконски и против уставни работи за да едноставно не изманипулира.

Јас ќе го прочитам заклучокот на Собранието од 3,4 и 5 декември 1991 година. "Собранието го разгледа, го усвои Предлогот за донесување закон за новинска агенција на Македонија. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за формирање на новинска агенција на Македонија при што да ги има во предвид извештаите на работните тела на Собранието и расправата на седницата на Собранието". Тогаш ние немавме друг предлог во Собранието, тогаш ние немавме друг предлог во оптек како што е сега форма нова направена одлука за основање на информативна агенција. Што значи ние ја задолживме Владата, Владата нам ни достави закон законот го разгледуваа надлежните тела, а мислење на Владата по однос на предлог- одлуката на пратеникот Туше Гошев кој што го добивме сега е дека Владата смета дека не треба да се прифати предлогот на пратеникот Туше Гошев со оглед на тоа дека Собранието одлучи начинот на основање на МИА да се изврши со закон.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (продолжение )

И од тие причини сметам дека ако некој имал забелешка можел да поднесе амандмани во фазата на разгледувањето на Законот. Меѓутоа, кога ние веќе констатиравме дека расправата заврши за да ги задолжиме работните тела, сметам дека нема потреба за повторно враќање назад. Единствено имам едно укажување што е нелогично и навистина контрадикторно. Претставникот на Владата се согласил за два амандмани од пратеничката група на ПДП и од Законодавно- правната комисија и сметам дека за тоа постои решение заради тоа што во Деловникот на Собранието пишува дека оние амандмани кои предлагаат бришење на одделен текст, на одделен член, прво, се ставаат на изјаснување во Собранието, а отпосле останатите амандмани по истиот член. Ако се прифати бришењето на членот, автоматски по другите амандмани дадени на тој член, или решенија во Законот воопшто не се ни расправа. И од тие причини бидејќи предлогот на Законодавно- правната комисија е прифатен од претставникот на Владата, а се однесува да се бришат зборовите "македонски и светски јазици", сметам дека предлогот на Пратеничката група на ПДП која што предлага покрај "македонски" да се додадат и "јазиците на националностите " е без предметно да се расправа. Од тие причини врз основа на член 338 од Деловникот на Собранието дека Собранието треба само да ја констатира забелешката, односно прифатениот амандман од претставникот на Владата во Законодавно- правната комисија и да не се отвори расправа по однос на тој предлог. Инаку сметам дека законот треба да го донесеме, бидејќи сами се обврзавме на тоа и да ја окончаме расправата по однос на предлогот кој е во процедура.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи иницијативата беше почната уште пред да се донесе Уставот на Република Македонија, некаде пред 3,4 месеци и ако го погледнете стариот Устав член 318, точка 10, тогаш Собранието имаше право со закон да основа организации на здружен труд и оние организации од посебен општествен интерес. Затоа што сега не е ажуриран предлогот и се понатаму се продолжува по стариот Устав согласно и на член 318 точка 10 да се основа таа агенција. Тука е спорот на предлогот на законот. И тука на господинот Петров, не му е јасно дека Собранието сега со закон не може да се основа јавно претпријатие, дека сега согласно на член 196 б) од Законот за претпријатијата со одлука на општествено- политичката заедница, односно на Собранието на Република Македонија се основаат јавните претпријатија. Ве молам, согласно член 51 став 1 и 2 Собранието е должно да ги почитува сопствените закони и Уставот. Не смее да прави преседан и го крши сопствениот Устав и Закон кој сам ги донел.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мене ми е многу јасно, само јас не знам зошто на пратеникот Туше Гошев не му е јасно дека расправата заврши по однос на тоа и ние да не ескивиравме од деснава .моја страна по однос на присуството на таа седница, предолгото на пратеникот Туше Гошев воопшто немаше да биде во собраниска процедура. И друго, мене ми е сосема јасно дали имаме, или немаме право да носиме закон , или не за основање на оваа агенција. Меѓутоа, Уставот го донесовме и прогласивме на 20 ноември. Зошто пратеникот чекал од 20 ноември за да му текне и да му проработи познавањето по однос на правото за да каже дека дури сега кога расправата заврши, е сега треба одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кога на кого ќе му текне има право да интервенира. Секој пратеник си задржува право се разбира, ако нешто не е во склад со Уставот и штета е што на сите не ни текнало, а не само на Туше Гошев.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, излегов на говорница да му дадам потполна поддршка на образложението што го даде пратеникот Туше Гошев. И натаму да ви кажам дека расправата за основање на "МИА" не е завршена. Да ве потсетам зошто не е завршена. Само да се вратиме на последната седница, два и пол и повеќе часови расправавме во потесен состав што чини, што не чини и како треба да биде. Па апелирам малку напори од сите нас и оваа говорница навистина да почне да стане место за натпревар за добри работи, добри одлуки и посветла иднина, помалку политички поени. На сите совршено ви е јасно, а и на господинот Стефковски, кој прв излезе тука и предложи да се измени текот на работата на денешната седница. Се разговараше надолго и на широко каков закон ни е потребен, колку члена треба да има, кој треба да биде основач Владата, или Собранието. Значи настануваше дискусија, работа, проблем, од суштински карактер што за мене ништо друго не зборува освен дека ние сеуште не довршивме, не ни беше јасно која е подобра солуција, кој е подобриот пат .

И на крај дали има воопшто потреба од закон, или треба да се прифати идејата која на таа седница ја бранеше господинот Туше Гошев. Ценам кога е во интерес заедничкото за сите без разлика, не треба да се делиме. Но, треба да се направат максимум напори за да го одбереме најдоброто. И не е точно само од оваа говорница да се каже во име не нешто дека бранам принципи 6, или 8 месеци овој закон бил тука и јавноста

добива впечаток, еве некои кои тоа го бранат, но другите се таму кои тоа го пречат, другите се таму кои минираат за доброто на оваа Македонија. Па не ни доликува баш така да се однесуваме, веќе ни помина година дена во овој Парламент и не може да ни се опрости така лесно, или ние навистина очекуваме еден ден да почне народот да доаѓа пред Собранието и да бара да не сменат. За оваа агенција сите сме се сложиле само во едно, дека треба да постои, бидејќи не ни било јасно како и до ден денес не сме стигнале до тоа да ни стане јасно како, оправдано е да продолжува дија логот. Воопшто не е битно дали ќе одржуваме 32-седница, или тоа ќе биде точка за 33 седница, но по логиката на нештата треба и особено тоа што го воочува пратеникот треба да се почитуваат уставните одредби. Без друго тоа мора да се почитува. Ние мора да одиме да ги почитуваме позитивните одредби, а тоа е на Македонија и е потребен потполно слободен печат, слободен пазар, натпревар за вистината и за знаењето. Ако некој мисли дека под плаштот на државата, или Парламентот ќе обезбеди повеќе права од оние други кои се надвор тешко ќе се залаже и само ќе си ставиме дамка.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

И јас исто така мислам дека расправата не е завршена и дека таа продолжува. И уште тогаш се залагав ние да донесеме закон за основање на информативни агенции, а не на информативна агенција бидејќи тоа би било против уставно и би ја ставиле една агенција во привилегирана состојба во однос на другите, а со тоа би создале претпоставки другите да не основаат информативни агенции. Со оглед на фактот дека господинот Петров малку е алергичен на албанскиот јазик, бидејќи тој сметаше дека нашиот амандман е беспредметно да се разгледа тука . Со донесување на закон за основање на информативна агенција "МИА" тоа го задржува

правото да нема информирање и на албански јазик. Затоа ми се чини дека многу умесна била и препораката на МАК-ПРЕС да се донесе таков закон, бидејќи тука во Републикава имаме информативни луѓе кои се кадровски подготвени да вршат такви функции.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека седницата треба да се води по Деловникот. Деловникот налага секој еден предлог што се дава да биде сериозен. Дали оваа одлука може да ја подведеме што е дадена на парче хартија под деловникот на Собранието. Дали е во форма на амандман со кој што се суспендира законот за кој што ние се залагаме, или е чиста желба на пратеникот Туше Гошев бидејќи навистина и се потпишал долу. Мислам дека треба да работиме по Деловникот, Деловникот каде застана со 32-та седница. Точно е што господинот Ештреф тврди дека се договаравме 3 часа таму и секогаш и тој беше на страната која што одеше на тоа да не се донесе законот. Во 10 варијанти ни се нудеа решенија се за да се одлага седницата и да не се донесе законот. Тоа е вистината. И рековме ќе одиме со закон. А кога рековме дека ко одиме со закон јасно беше и затоа заседаваше и Комисијата за политички систем и Законодавно- правната комисија ги утврдила амандманите и нормално е сега да продолжи седницата токму со Предлог-закон и со амандманите од матичните комисии. Тоа е за мене единствениот пат, а не надмудрување , или злоупотреба на оваа говорница. Мислам дека навистина треба да водиме конкретен и коректен дијалог од оваа говорница,но секогаш да биде вистината основното мерило.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи таа седница,по оваа точка ја водеше господинот Петковски да му дадеме збор за да објасни во што е работата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Уште едно потсетување, очигледно дека брзо заборавама. Ја прекинавме расправата во врска со Законот за агенцијата МИА не само заради присуството на пратениците,туку видовме доста јасна поделеност околу тоа дали треба одлука, дали треба закон, дали треба закон со ваква содржина. И се договоривме од сите пратенички групи по еден да дојдат на таа координација и тогаш водевме 2-3 часа расправа, беше и господинот Стефковски, господинот Голубовски и од сите други пратенички групи по еден претставник и не можевме да дојдеме до заеднички јазик каква физиономија да се даде на законот, но дадовме ориентациони насоки . И се договоривме министерот, господинот Тренески, заедно со дел од стручната служба и од пратеничките групи да конципираат еден предлог на законот. Што значи расправата воопшто не е окончана по законот, туку напротив почнуваше врз основа на нов текст. И тој текст сега го имаме. Во меѓувреме оние гледања на поедини пратеници дека работата не треба да се уредува со закон, туку со одлука, затоа што имаше и во дискусијата на Собранието такви мислења дека треба и со одлука е систематизирано во она што го предложи господинот Туше Гошев. И не гледам никаква причина да се прекине расправата и да се оди само на гласање, туку напротив мислам дека ова е нов текст со кој пратениците прв пат се среќаваат и имаат право по него да дискутираат да расправаат. И нема никаква причина да не се даде рамноправен третман на мислењето на пратеникот Туше Гошев во врска со регулирањето на оваа материја да се уреди со одлука, а не со закон,ниту деловничка,ниту морална.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи на некој начин бев прозиван, сакам да дадам информација дека навистина не беше прекината расправата. Беше постигнат еден политички договор кој што требаше во понатамошната процедура да даде излез од ќорсокакот во кој што се западна. Точно е тоа дека во опција се дозволи Владата да даде некој предлог кој што може да даде излез од тоа недоразбирање што настана, но заради тоа што во продолжението немаше кворум практично до денес остана прашањето отворено. Расправата навистина не беше завршена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би го замолил господинот Туше Гошев малку да причека, бидејќи знам дека ќе бара реплика, но прво да ги ислушаме господинот Стоиле Стојков, Крстевски, па потоа господинот Туше Гошев.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас мислам дека господинот Стефковски воопшто не го разбравте. И јас исто така како него тврдам дека ставањето на одлуката што ја има предложено господинот Туше Гошев на дневен ред каде што имаме предлог на закон , воопшто не е деловничка. Знаеме, со Предлог на закон на кој начин може да се интервенира, со амандман. Господинот Туше Гошев, требало да направи амандман каде што би стоело: амандман на Предлог на законот и наместо Предлог на закон да се донесе одлука. Деловнички воопшто не е ставена одлуката за основање на МИА од патеникот Туше Гошев. Погледајте го Деловникот, ќе се уверите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам едно објаснуваше. Јас не знам на кого му се обраќа и

господинот Стефковски и господинот Стојков. Се разбира дека одлуката не е на дневен ред. На дневен ред е Предлогот на Закон. И кој рекол дека одлуката е на дневен ред. Меѓутоа, јасно е дека во расправата за која констатиравме дека не е завршена и многу мачно констатиравме и што биле намерите да се укаже дека е завршена кога се гледа дека не била завршена. Во постапката ќе се утврди која е валидна форма . Ние не можеме да дојдеме уште до тоа и уште расправаме во општиот претрес сне. Меѓутоа сакам да ви кажам и да ви укажам дека мое мислење е дека една општа решеност да се основа агенција, информативна агенција на Македонија ја давате сите овде со оваа расправа што ја водиме на овој начин ја обезвреднуваме и на јавноста и даваме на знаење како да постојат некои поделености околу тоа дали да има, или нема агенција, што мислам ја слабее позицијата на таа агенезија во старт и тоа е лошо. И тоа мене ми беше основната намера во текот на паузите на редовната 33-та седница овие работи да се расправат и расчистат и да донесеме ако можеме закон, тогаш ќе се знаеше закон, или одлука и од денес ние да имаме акт за основање на агенција, а не денес да бележиме уште еден термин на разјаснување меѓу себе колку сите многу сакаме, но не сме во состојба да донесеме таков акт. Тоа беше идејата. Јас сега да ви кажам кое е моето чувство, бидејќи мислам дека има голема дилема дали навистина некои наводи држат,или не држат. Затоа предлагам бидејќи ова е многу сериозно прашање, а тоа е прашањето дали Парламентот е подготвен од ваквите укажувања да го исчисти предлогот. Затоа јас предлагам да направиме пауза и Законодавно- правната комисија ова прашање да го расчисти и да дојде со сосема јасен став.

Предлагам пауза од 1 час.

(Седницата продолжи со работа во часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Законодавно- правната комисија заврши со работа?

Известен сум дека завршила со работа.

Молам, известителот на Комисијата да не извести за ставовите на истата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Законодавно- правната комисија во паузата работеше и после опстојна работа едногласно одлучи на Собранието да му пред ложи во понатамошната процедура биде предмет на расправа Одлуката поднесена од пратеникот Туше Гошев за формирање информативна агенција.

Исто така, ЗПК на самата седница ги разгледуваше и материјалните одредби од самата Одлука и поднесе соодветни амандмани, кои се составен дел на Извештајот.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Молам, прво, да го измениме заклучокот што го донесовме на една од поранешните седници дека Собранието прифаќа да се донесе Закон.

Молам, сега Предлогот на комисијата да го ставиме на гласање.

Молам, кој е за предлогот оваа материја да се реши со одлука, да крене рака. (64 пратеника)

Кој е против, молам да крене рака? (10 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (4пратеника)

Констатирам дека Собранието донесе заклучок што го предложи ЗПК оваа материја, основањето на МИА да се регулира со одлука.

Со тоа заменет е Заклучокот што порано беше донесен од Собранието, тоа да се регулира со закон.

Молам, текстот на Одлуката со амандманите кои се дадени и прифатени од Комисијата веднаш да се поделат на пратениците и да се дадат на Владата, за да можат да ги погледаат пратениците и да видат дали имаат свои амандмани на одлуката за да можеме да продолжиме нормално да работиме.

Ако го прифаќате мојот основен предлог, оваа точка да ја внесеме во дневниот ред на 33-та седница, тогаш има време тоа да се заврши, а да ја почнеме 33-та седница.

Молам, дали се согласувате со тој предлог?

Молам, кој е за да крене рака?

Пратениците креваат рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема

Со тоа 32-та седница е завршена.

(Седницата заврши во 14,20 часот).